ПРЕДЛОГ

Врз основа на чл. 57 став 1 точка 6 од Статутот на А.Д. Мода и чл. 484 од Законот за трговски друштва, Собранието на А.Д. Мода на својата седница од 27.05.2026 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

За распоредување на нето добивката остварена по
Годишната сметка и финансиските извештаи за 2025 год.

Чл. 1

Нето добивката остварена во 2025 год. во износ од 3.932.808 денари се распределува за нови инвестиции.

Чл. 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Собрание на АД МОДА
Претседавач
_____

ПРЕДЛОГ

Врз основа на чл. 57 точка 5 од Статутот на А.Д. Мода Св.Николе и чл. 383,став 1, точка 4 од Законот за трговски друштва, Собранието на А.Д. Мода на својата седница од 27.05.2026 год. ја донесе следната:

О Д Л У К А

За одобрување на работата на
членовите на Одборот на директори

Чл. 1

Се одобрува работата на членовите на Одборот на директори за 2025 год. согласно остварените резултати во Годишниот извештај од работењето, во состав:

1.Ангел Димитров - Извршен директор,
2.Манфред Михалски-Незвршен директор и
3.Мара Саздовска - Неизвешен директор -Претседател
4.Владимир Стојанов-Неизвршен директор

Чл. 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Собрание на АД МОДА
Претседавач

_____

ПРЕДЛОГ

Врз основа на чл. 57 точка 7 од Статутот на А.Д. Мода Св.Николе и чл. 383, став 1, точка 8 од ЗТД, (Сл.весник на РМ бр. 28/2004, 84/2005, 25/2007, 27/2008,42/2010, 48/2010 И 24/2011), Собранието на А.Д. Мода Св.Николе на седницата одржана на 27.05.2026 год. ја донесе следната:

О Д Л У К А

За назначување на овластен ревизор
за ревизија на Годишната сметка
и Финасиските извештаи за 2026 год.

Чл. 1

За овластен ревизор на Годишната пресметка за 2026 година се назначува Друштвото за ревизија ПКФ ЕФП ДООЕЛ Скопје

Чл. 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Собрание на АД МОДА
Претседавач
_____

ПРЕДЛОГ

Врз основа на чл. 57, точка 6 од Статутот на А.Д. Мода Св.Николе и чл. 383, став 1,точка 2 од ЗТД (Сл.весник на РМ бр. 28/2004, 84/2005, 25/2007, 27/2008, 42/2010, 48/2010 и 24/2011), Собранието на А.Д. Мода Св.Николе на седницата одржана на ден 27.05.2026 год. ја донесе следната:

О Д Л У К А

За одобрување и усвојување на
Годишниот извештај за работењето
на А.Д. Мода Св. Николе за 2025 год.

Чл. 1

Се одобрува и усвојува Годишниот извештај за работењето на А.Д. Мода Св.Николе за 2025 год. поднесен од Извршниот директор на Друштвото Ангел Димитров

Годишниот извештај е составен дел на оваа одлука.

Чл. 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Собрание на АД МОДА
Претседавач

_____

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 57 точка 6 од Статутот на АД Мода Св.Николе и членот 407 од Законот за трговските друштва, Собранието на АД МОДА на својата седница одржана на 27.05.2026 год. ја донесе следната:

О Д Л У К А

За усвојување на записникот од седницата одржана на 27.05.2025 год.

Член 1

Се усвојува Записникот од одржаната седница на Собранието на акционери на АД МОДА Св.Николе бр. 02-308 од 27.05.2025 год. без измени и дополнувања.

Член 2

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

Собрание на АД МОДА
Претседавач

_____

ПРЕДЛОГ

Врз основа на чл. 57, точка 6 од Статутот на А.Д. Мода Св.Николе и чл. 383, став 1, точка 2 од ЗТД, Собранието на А.Д. Мода Св.Николе на својата седница на ден 27.05.2026 год. ја донесе следната:

О Д Л У К А
За одобрување и усвојување на
Годишната сметка на А.Д."Мода"
и Финансиските извештаи за 2025 год.

Чл. 1

Се усвојува Годишната сметка и Финансиските извештаи за работењето на А.Д. Мода Св.Николе за 2025 год. поднесени од Извршниот директор на Друштвото .

Чл. 2

Во Билансот на состојба на ден 31.12.2025 год. Се искажани следните состојби:
-Вкупна актива: 192.607.753 денари
-Вкупна пасива : 192.607.753 денари

Резултати искажани во Билансот на успех за 2025 год.
-Приходи од редовно работење..... 290.497.285 ден.
-Расходи од редовно работење.....284.181.506 ден.
-Залихи на готови производи и на недовршено производство на почетокот на годината.....5.412.928 ден.
- Залихи на готови производи и на недовршено производство на крајот на годината.....2.996.521 ден.
-Финансиски приходи..... 263.729 ден.
-Финансиски расходи..... 230.293 ден.
-Добивка од редовно работење.....3.932.808 ден.
-Данок на добивка.....0 ден.
-Нето добивка за деловната година.....3.932.808 ден.

Чл. 3

Составен дел на оваа Одлука е:

- Билансот на успехот
- Билансот на состојбата ,

Чл. 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Собрание на АД МОДА
Претседавач

_____

ПРЕДЛОГ

Врз основа на чл. 57, точка 6 од Статутот на А.Д. Мода Св.Николе и чл. 383, став 1,точка 2 од ЗТД, (Сл.весник на РМ бр.28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/2010, 48/2010 и 24/2011) Собранието на А.Д. Мода Св.Николе на својата седница на ден 27.05.2026 год. ја донесе следната:

О Д Л У К А

За усвојување на Ревизијата на Годишната
сметка на А.Д."Мода" за 2025 год.

Чл. 1

Се усвојуват ревизорските извештаи за извршената ревизијата на Годишната сметка на А.Д. Мода Св.Николе за 2025 год. изготвена од Ревизорската куќа Друштвото за ревизија ПКФ ЕФП ДООЕЛ Скопје

Чл. 2

Составен дел на оваа Одлука е:

- Ревизорскиот извештај
-

Чл. 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Собрание на АД МОДА
Претседавач

_____

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 363 и член 383 став (1) точка 3 од Законот за трговските друштва (Службен Весник на Република Македонија бр.28/04, 84/05 25/07, 85/08, 48/10, 24/11 и 166/2012) и член 54 и член 57 став (1) точка 4 од Статутот на Акционерското друштво за производство на конфекциски производи МОДА Св.Николе (во понатамошниот текст „**Друштвото**"), и добиениот предлог од акционерите Нењ Лоок-Десигн анд море ГмбХ, АЈТ Вермögенсверњалтунгс и Л.М.К. Холдинг, Собранието на АД „МОДА" на седницата одржана на 27.05.2026 год. ја донесе следната

О Д Л У К А
за реизбор на членови на Одборот на Директори на Друштвото

Член 1

Собранието на друштвото ги реизбира:

-Манфред Михалски, државјанин на Сојузна република Германија, со адреса на живеење на ул.„Маршал Тито" бр.79, Св.Николе , Пасош бр. [redacted] и ЕМБГ [redacted], по занимање Инженер технолог по конфекција, Неизвршен член на Одбор на Директори на Друштвото

-Ангел Димитров, државјанин на Република Македонија, со адреса на живеење ул.„Питу Гули" бр. 100 Св.Николе, и ЕМБГ [redacted], по занимање Дипломиран економист, Извршен член на Одбор на директори на Друштвото,

-Мара Саздовска, државјанин на Република Македонија , со адреса на живеење на ул.„Железничка" бр. 105ѓ во Штип и ЕМБГ [redacted] , по занимање Дипломиран инженер по конфекција- Неизвршен член на Одбор на директори на Друштвото

-Владимир Стојанов, Државјанин на Република Македонија, роден на 02.04.1966 год, со адреса на живеење Ул. „Партизанска" бр. 98 Штип и ЕМБГ[redacted], Дипломиран текстилен инженер, вработен како Раководител на фаза за Неизвршен член на Одбор на директори на друштвото

Член 2

Мандатот на реизбраните членови на Одборот на директори на Друштвото изнесува 4 години, согласно Статутот на Друштвото.

Член 3

Се задолжува Ангел Димитров или лице овластено од него да ги превземе сите потребни дејствија за поднесување на пријава за упис на оваа Одлука во Централниот регистер на РМ.

Член 4

Оваа одлука стапува во сила од денот на нејзиното усвојување од Собранието на друштвото.

Собрание на АД МОДА
Претседавач
_____